Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 83 2 јули 2012 година

јули 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област производно машинство, технологии и системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област организација на здравствена служба на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по хотелиерство” од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески од Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Претклиничка кариологија“ од насл. доц. д-р Лидија Поповска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Профилакса на орални болести“ од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 58

**ПРИГОВОР** од Владимир Арсов ........ 59

**ОДГОВОР** на Приговор од Владимир Арсов ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРОИЗВОДНО МАШИНСТВО, ТЕХНОЛОГИИ И СИСТЕМИ НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Со Одлука бр. 2702-115/6 од 10 мај 2012 година, донесена на 4. седница на Наставно - научен совет на Машински факултет, одржана на 10 мај 2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање асистент *за научн*ото подрачје техничко-технолошки науки, поле машинство, област производно машинство, технологии и системи на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во состав:

- доц. д-р Ангел Тасевски, претседател,
- доц. д-р Симеон Симеонов, член,
- доц. д-р Славчо Цветков, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 3 април 2012 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот **м-р Владан Андоновиќ**.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на наставно-научниот совет на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за избор на еден соработник, објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" на 3 април 2012 година, за научната област **производно машинство, технологии и системи** ***се пријавија следниве кандидати:***

1. **м-р Владан Андоновиќ**

Потребни документи според распишаниот Конкурс се:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар; странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со еквиваленција на оценките);
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал – доколку такви има);
- уверение за државјанство;
- изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти и копија од изјавата со потврда за прием од Комисијата.

Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Владан Андоновиќ** е роден на 5 јули 1967 година во Куманово, Република Македонија. Дипломира на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје во март 1993 година, насока Заварување и заварени конструкции со наслов на дипломската работа „Цевкасти профили како конструктивни елементи во носечките челични конструкции''. Завршува магистерски студии на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје во септември 1998 година, насока Заварување и заварени конструкции – Дизајн и пресметка на носечките машински конструкции. Насловот на магистерскиот труд е *'„Истражување*

*на носивоста и стабилноста на заварените јазли кај носечките метални конструкции изведени од цевкасти профили*". Запишан е на докторски студии на Машинскиот факултет во Скопје, насока Производно машинство.

***Професионални активности***

М-р Владан Андоновиќ се вработува во Тутунски комбинат Куманово – Фабрика за цигари во јуни 1994 г. како инженер во одржување. Во фабрика за цигари работел на повеќе работни места: главен инженер во погоните за изработка и пакување на цигари од јуни 1994 г. до август 2001 г. Потоа работел како раководител на погон Енергетика при Фабриката за цигари до април 2006 г. Во Јануари 2007 г. се вработува во средното техничко училиште во Куманово на место наставник по машинска група предмети. Се вработува на УГД како асистент на Машинскиот факултет на 15 септември 2009 г. Тој работи како асистент по предметите: Машински материјали (2+2+1), Современи инженерски материјали (1+1+1), Спојување на материјалите (2+2+1), Корозија и заштита од корозија (2+2+2), Мехатроника (1+1+1), Градежни машини (1+1+1), Комунални машини (1+1+1), Информатика (1+1+1), Нумеричка математика (2+2+1), Пракса во индустрија, мали и средни претпријатија (1+1+1).

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот м-р Владан Андоновиќ достави список на **објавени научни и стручни трудови** со кои се согледува научната активност, а поважни се следниве:

1. **Vladan Andonovic**, Borko Andonovic, *Reliability structural design as a term in current research trends,* 8th Macedonian Association of Structural Engineering, International Symposium, Ohrid, Macedonia, Se tember 30-2 October, 1999.
2. **Vladan Andonovic**, Gorgi Kokalanov, *Object oriented finite element analysis*, 7$^{th}$ Symposium on Theoretical and Applied Mechanics, Struga, September, 28-30, 2000.
3. **Vladan Andonovic**, Boris Jeremic, Gorgi Kokalanov, *Object oriented approach to non-linear finite element programming*, 7$^{th}$ Symposium on Theoretical and Applied Mechanics, Struga, September, 28-30, 2000.
4. **Andonovic Vladan** and Vrtanoski Gligorce, *Smart materials in dental medicine,* International Conference on Innovative Technologies, IN-TECH 2010, Prague, Czech Republic, 2010.
5. **Andonovic Vladan** and Vrtanoski Gligorce, *New way of rapid technology used in dental medicine*, International Congress – Machines, Technologies, Materials, Journal MTM, Sofia, 2010.
6. **Andonovic Vladan** and Vrtanoski Gligorce, *Growing rapid prototyping as a technology in dental medicine*, Mechanical Engineering – Scientific Journal, Volume 29, Number1, Skopje, 2010.
7. Vrtanoski Gligorce and **Andonovic Vladan**, *Rapid technology in dental biomechanics*, DEMI 2011, Banja Luka, 2011.
8. **Andonovic Vladan** and Vrtanoski Gligorce, *CAD/CAM technology in dental medicine*, DEMI 2011, Banja Luka, 2011.

***Рецензирани интерни скрипти***

- Рецензирана интерна скрипта од предавања по предметот Машински материјали.
- Рецензирана интерна скрипта од предавања по предметот Испитување на машинските материјали.
- Рецензирана интерна скрипта од предавања по предметот Современи инженерски материјали.

***Други достигнувања***

- Престој и усовршување во повеќе реномирани европски фабрики од областа на машинството и конструкциите.
- Останати вештини и компентенции: тимска работа, флексибилност и адаптирање на ситуацијата, желба за учење и усовршување.

- Компјутерски вештини: Microsoft Office (MS Word, MS Power Point), Auto CAD, Coral Draw, Solid Works, ABAQUS, ANSYS.
- Познавање на странски јазици: англиски и руски јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот м-р Владан Андоновиќ има поднесено комплетна документација која се бараше во Конкурсот и која е во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатот покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на производното машинство, технологии и системи. Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатот се потврдува со неговите објавени научни и стручни трудови.

Научноистражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и поширокта област од проблематиката којашто се однесува на предметот за којшто конкурира кандидатот.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека м-р Владан Андоновиќ ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно-научниот совет на Машински факултет да му предложи кандидатот **м-р Владан Андоновиќ да го избере во звањето асистент за научно подрачје техничко-технолошки науки, поле машинство, област производно машинство, технологии и системи.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Ангел Тасевски, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Симеон Симеонов, член, с.р.**
**Доц. д-р Славчо Цветков, член, с.р.**

**Т А Б Е Л А**

**за вреднување на активности на м-р Владан Андоновиќ, според критериумите дадени во Правилникот за избор во наставни, наставно-научни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид активност** | **број** | **поени** | **вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| Позитивно рецензирана скрипта од предавања по Машински материјали | 1 | 8 | 8 |
| Позитивно рецензирана скрипта од предавања по Испитување на машински материјали | 1 | 8 | 8 |
| Позитивно рецензирана скрипта од предавања по Современи инженерски материјали | 1 | 8 | 8 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус на студии); 3x16=48 | 48 | 48x0,5 | 24 |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) – *реферат број 5* | 1 | 3 | 3 |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир во земјата – *реферат број 1, 2 , 3, 6* | 4 | 1 | 4 |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир во странство – *реферат број 4, 7, 8* | 3 | 2 | 6 |
| Учество на научен собир со реферат (усно) во странство | 1 | 2 | 2 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско- развојна дејност** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 7 | 2 | 14 |
| **ВКУПНО** | | | **81** |